# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од првото продолжение на Педесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29.06.2000 година

Седницата се одржа во зградата на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11, 35 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Иљаз Халими, потпретседател на Собранието.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Продолжуваме со работа по 52-та седница на Собранието на РМ.

Ве молам да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Имаме кворум и можеме да продолжиме со работа.

Минуваме на точката 2 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за остварување на предвремена пензија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, ви е поделен.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Процедурално за збор се јави г-динот пратеник Благој Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Г-дине потпретседателе, почитувани колеги, незнам дали добро се гледа од кај мене, меѓутоа, овдека немаме претставник на Владата. Меѓувреме видов дека има претставник на Владата. Штом има, тогаш се јавувам за една дискусија, со оглед на тоа што како претставник е заменик министерот за правда. Многу пати ги прочитав новите формулации на членовите и би сакал пред да влеземе во дискусија и да се одлучиме дали да дадеме поддршка или не на овие измени кои што дојдоа за толку кратко време по донесувањето на самиот закон, ако може заменикот министер да даде едно дополнително дообјаснување, со оглед на тоа што посебно измената во членот 6, мене барем ми е нејасна, дали станува збор за усогласување со одредбите на законот за пензиско и инвалидско осигурување, со бришење на еден пасус од првата алинеја на членот 6 и додавање на еден сосема нов и поинаков пасус.

Второ, зошто се изврши измена во членот 9, за кој што и тогаш сметавме, а и сега сметам во Законот кој што го донесовме е и прецизен и дециден. Според тоа, замолницата е, прво да даде образложение зошто доаѓа за толку кратко време до предлогот за овие измени.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Ханџиски Благој.

Збор има заменик министерот за правда г-динот Зоран Стојанкиќ.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Јас и така сакав едно кусо образложение во врска со законот да дадам, па потоа мислев дека пратениците ќе дадат свои забелешки. Почитуван г-дин потпретседателе, почитувани пратеници, Владата на РМ денес ви предлага закон со кој треба да изврши измени и дополнување на Законот за остварување на предвремена пензија, кој е точно донесен на 9 мај оваа година. Причините за донесување на закон се овие. Значи, промените на закон не се од суштествено значење, но се поврзани со преговори со Меѓународниот монетарен фонд и Светска банка и со функција за подобрување и имплементација на самиот закон. Значи, ако го погледаме стариот текст на законот, ќе забележиме дека измена односно фактички се вршат допрецизирање на одредбите во членот 6, се додаваат два нови члена 9-а и 9-б и сега ќе ја објаснам суштината што се менува.

Пратеникот има забелешка на членот 6, каде што се врши допрецизирање на текстот, бидејќи ние даваме едно екстензивно толкување и велиме, во Законот се повикуваме на Закон за работни односи, а тука со измените се повикуваме точно на член и став и точка од истиот Закон. Значи, допрецизирање е само тоа.

Во однос на новиот член 9-а и 9-б , во членот 9-а забелешката што е на член 9, значи, согласно законот за научни дејности, направени се некои грешки и сега ние вршиме само усогласување на звање во образование. Наставничко звање доцент, вонреден професор и редовен професор, тие звања одговараат на звањата научен соработник, виш научен соработник или научен советник. Значи, допрецизирање, овие одредби се од законот за научни дејности. Во суштина тоа е целата промена ан овој закон за предвремено пензионирање, што значи измена и дополнување.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на заменикот министер за правда, г-динот Зоран Стојанкиќ за овие дообјаснувања околу овој предложен закон.

Дали некој друг бара збор?

За збор повторно се јави г-динот пратеник Ханџиски Благој.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

За уште подетално дообјансување, да ни станат јасни работите, прво, сосема е јасно дека членот 9-а и членот 9-б се потребни со оглед на тоа што едниот член се кажува до кога може да се користи законот за административно пензионирање, до крајот на 2000-та година. А, со членот 9-б се кажува нормално дека ако некој од корисниците, кој што по овој закон, па и по било кој друг закон отишол во пензија, а повторно заснова работен однос, дека пензијата му оди во мирување.

Меѓутоа, сакам да прашам. Г-дине замениче, дали со измената во членот 6 сега членот 6 ќе гласи: "средствата за исплата на предвремена пензија остварена според овој закон, се обезбедуваат од Буџетот на РМ и тоа за целиот износ на пензијата, се додека вработениот не наполни  години пензиски стаж или 65 години живот и најмалку 15 години стаж на осигурување". Дали е тоа конечната верзија на членот 6 и дали во членот 9 измената е само во тоа што, за разлика од претходната содржина на овој член поименично ги наведуваме сега звањата на вработените во научните институции, така како што се бирани према Законот за научна истражувачка дејност, а тоа значи стручните и соработничките звања целосно во научните јавни установи.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Ви благодарам.

Повторно заменик министерот за правда г-динот Зоран Стојанкиќ.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Токму така, значи измената ако се вратиме на членот 6 на Законот кој беше усвоен на 9 мај, согласно со прописи за работни односи, значи сега би гласел: "согласно со член 108, став 1, точка 5 од Законот за работни односи". Значи, само тоа се менува. Се друго останува.

Во однос на членот 9, се врши само допрецизирање на термините и ништо друго. Значи, што е доцент во образовна сфера, што е во научна сфера, овие три термини се усогласуваат, ништо друго не правиме со законот.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г-динот министер за правда г-динот Зоран Стојанкиќ.

Дачо некој друг бара збор?

За збор се јави малку со задоцнување г-ѓицата пратеник Шеќеринска Радмила.

**РАДИМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Се извинувам г-дине потпретседателе за малото задоцнување, јас би сакал да го прашам претставникот на Владата нешто што е во врска со овој закон, а не е во врска со предложените измени. Меѓутоа, и Министерството и Владата ги има овие информации, па евентуално би ги информирале и Собранието до нас како пратеници доаѓаат многу често информации и барања од граѓани, кои што се загрижени и се интересираат околу спроведувањето на законот за предвремено пензионирање во сферата на образование, основно и средно образование.

Имено, според тие информации кои што на тој начин ги добиваме Министерството за образование врз основа на овој закон кон крајот на учебната година испратило дописи до сите основни и средни училишта, со кои што работниот стаж на оние кои што ги погодува овој закон завршува со 10 јуни заклучно, што предизвикало одредени несогласување во овие средни и основни училишта, бидејќи според Законот учебната година трае до крајот односно до 31 август. После тоа оваа одлука или ова решение е повлечено и направени се некои други предлози и дописи до основните и средните училишта, меѓутоа, сеуште не е познат ставот на Владата. Сега, тоа можеби е повеќе во доменот на Министерството за образование, меѓутоа, бидејќи зборуваме за овој закон, еве, згодна е приликата и за тоа да поразговараме, на кој начин тој дефинитивно ќе се одрази на оние кои што се вработени во основно и средно образование. Дали можеме да го добиеме тој одговор и дали и на кој начин ќе бидат заштитени нивните права согласно законите кои што ги тангираат и согласно законот за предвремено пензионирање. До колку сте во можност да не информирате за тоа.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на г-ѓицата пратеник Шеќеринска Радмила.

Дали заменикот министер сака да земе збор?

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Законот од сферата на образованието оди преку Министерството за образование и ние не сме вклучени во процесот на имплементација на самиот закон.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Добро, ви благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнуваше на Законот за остварување на предвремена пензија.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, 50 гласаа за, 10 воздржани и 1 против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, 51 за, 11 воздржани и двајца пратеници гласаа против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Се извинувам, за збор се јави г-динот пратеник Стојановски Наќе.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, колеги пратеници, причините што толку брзо се преминува на измена и дополна на Законот за остварување на предвремена пензија, од денот од како донесовме, само пред неколку дена беше објавен, односно пред еден месец беше објавен во "Службен весник на РМ", зборува дека предлагачот имал несериозен приод во однос на изготвување на нормативата за овој закон односно несериозен пристап према лицата и граѓаните кои ги третира овој закон, кој во цифра според предлагачот беше кажано дека ќе се движи од 5 до 6 илјади до 2000-та година.

Исто така, беше констатирано, согласно одредбите од тој важечки закон дека тој закон ги третира оние граѓани на РМ, кои се во работен однос и се корисниците на Буџетот во РМ. Всушност, се во работен однос, во организации, во органи на управа итн., кои се корисници на Буџетот. Знаејќи ја нивната економска, социјална положба на работниците, исто така беше кажано дека со одредбите на законот се врши на некој начин одземање на општото право за работа што гарантира Уставот на РМ, всушност се скратува присилно со закон, по сила на закон работниот век на тие работници.

Од таму, нашето залагање беше дека ако се одземе тоа право на тие работници, тогаш предлагачот, всушност, доносителот на законот да изнајде решение во законот да не задира и во правата кои би ги оствариле во висината на остварувањето на пензија, евентуално до колку тоа право не им се укине и го користат со полн капацитет, како што е во Законот за работни односи. На тоа наше залагање предлагачот не обрна внимание и законот беше донесен онака како што беше донесен. Всушност, луѓето кои ќе заминат во пензија по сила на законот, да ги остварат своите права на пензија, согласно општите прописи на Законот за ПИО и скалата која е предвидена таму во врска со нивниот работен век и постотокот кој ќе го примаат за утврдување на основицата на пензијата. Тоа значеше рестриктивен приод и во крајна линија значеше доведување на тие граѓани после долг работен век на нивото на една социјална егзистенција и не даваше можност да остваруваат евентуално индивидуална биолошка репродукција во тие 30 дена во расчекорот колку ќе примаат пензија во просек од околу можеби 160 марки месечен износ. Зошто ова го зборувам? Ова го зборувам, затоа што овој Закон се обидува и покрај лимитираноста на тие граѓани кои одат во пензија, да можат со дополнителен труд да обезбедат дополнителна материјална сатисфакција за гола сопствена егзистенција и егзистенција на нивните семејства. Со овој закон на измена и дополна се оди во понатамошен чекор и тоа право, веќе сега трето право со овој закон им се ускратува. А, тоа е кажано во членот 9-6 на Предлогот на овој закон, каде што вели: "ако корисникот на предвремената пензија заснова работен однос или отпочне да врши дејност, му се запира исплатата на предвремената пенчзија". Мислам дека оваа одредба од законот, апсолутно нема никаква поддршка во правниот систем, после новиот Устав на РМ од 1991 година и прокламираните принципи  на база на ориентација, не само

на материјалните добра, туку и на трудот да можат луѓето со своите интелектуални, физички и психички можности да обавуваат одредени дејности. И, во случајов како што е при недостаток за материјални средства за лична егзистенција и ниски пензии да можат да остварат барем нормален живот со додатна дејност. Особено е тоа видливо во вториот дел од предлогот на членот каде што вели "или отпочне да врши дејност". Значи ли тоа дека некој не може да сади компири, дека некој не може да сади тутун, дека некој не може да се вклучи во други сфери каде може да го материјализира своето знаење итн.

Значи ли ова дека законодавецот треба да им го одземе, да простите на вулгарноста и правото на живот на овие луѓе? Мислам дека оваа одредба нема потреба да стои во законот, ниту се загрозени некои други вредности во општеството доколку оваа одредба не постои. Да им дадеме можност и на тие луѓе во сопствената само иницијативност, во сопствената преостаната способност за работа да можат и понатаму да го валоризираат сојот труд на пазарот на труд, евентуално во РМ. А, тоа нужно и ќе го прават и да постои оваа одредба. Меѓутоа, веќе сега со ризик на висока закана дека ќе им се укине и пензијата. Мислам дека оваа спордба нема никаква ниту економска ниту финансиска ниту општествена оправданост да се вметнува во законот како потреба и нормативно да се регулира.

Се надевам дека предлагачот се повел од решението, решенијата кои постоеја во поранешниот систем во никаква правна констелација во РМ, каде некои такви одредби беа одржливи. Мислам дека сега, во услови на постоење на новиот Устав на Република Македонија ваква одредба не може ниту правно, а најмалку општествено - економски да егзистира во законот. Благодарам.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Стојановски Наќе.

Има збор г-динот пратеник Ковачевски Стојан.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Се извинувам, малку позадоцнето, но да ми е мирна совеста сакам да искажам негодување на предлагачот што овој закон денеска за изменине го повлече, со оглед на тоа што денеска медиумите соопштуваат дека Уставниот суд денес ќе донесе одлука на кој ден ќе расправа за приговорите од 23 предлагачи кои бараат уставна оценка за тоа дали овој Закон е уставно заснован.

Јас мислам дека требаше да се почека што ќе каже Уставниот суд, бидејќи ние како Собрание ќе бидеме изложени во една нова процедура, ако Уставниот суд го оспори во целост законот за предвремено пензионирање.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Ковачевски Стојан.

Збор има г-динот пратеник Гештаковски Александар.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ.**

Г-дине потпретседателе, почитувани пратеници, и при утврдување на дневниот ред за оваа седница, вчера, се обидов да укажам за начинот на донесувањето на ваквите закони и не разгледување во една нормалка процедура. Морам да кажам, ова го зборувам како претседател на работно тело, на Комисијата за труд и социјална политика и тоа работно тело не го разгледа овој закон, иако јас, согласно Деловникот бев должен, не го свикав тоа работно тело, бидејќи и претседателот на Собранието укажа дека се работи за 2-3 члена, не е битно и во однос на вчерашната расправа околу воведување на дневен ред по скратена постапка.

Претседавачот, сега потпретседателот има право да ја прекине седница и да ги задолжи работните тела за труд и социјална политика и ЗПК за пратениците да имаат една целосна слика. Јас, како претседател на тоа работно тело, не го барам тоа од претседавачот, бидејќи расправата покажа, во основа, и од претставникот на Владата, се работи за 2-3 членови што не се суштински, туку од техничка природа.

Во основа, за одредени членови можеме да се согласиме. Но, расправата покажува нешто друго. Сметам дека, особено последното укажување на пратеникот Наќе Стојановски за членот 9-6, бидејќи истиот е беспредметен, неговата содржина е уредена со членот 154 од Законот за ПИО, а воедно и во членот 7 од Законот за остварување на предвремена пензија, Законот што го менуваме. За остварување на правата за предвремено пензинирање, лицата кои ќе го остварат тоа право најлогично, најреално, и логично и правно и уставно е да се применува Законот за ПИО. Во самиот Закон е кажано, одредбите што не се регулирани ќе се применуваат со Законот за ПИО. Тие граѓани, работници што остварија

предвремена пензија се рамноправни пензионери по сите права и обврски, со исклучок на она право што му го ускратуваме со специјален закон, наместо по нормални услови да одат во пензија, ги испраќаме предвреме.

Затоа сметам дека претставникот на Владата, доколку има време, а има и желба, да не ги свикуваме работните тела, да дадеме еден амандман за бришење на членот 9-б.

Што се однесува за другите членови, голем дел од овие членови се непотребни, се регулирани, особено членот 1.

Во членот 6 од постојниот Закон јасна е одредбата и децидна. Со предложувањето не се вршат никакви измени, допрецизирања. Незнам која е целта на овој Парламент, по скратена постапка, од страна на ММФ и финансиските институции да наметнуваат решенија спротивни на нашиот правен систем. Заменикот министер за правда би го замолил да каже кои се причините што ММФ укажува на вакви решенија, особено на членот 9-б. За тоа зборуваше Наќе Стојановски. Несфатливо е, како за пратеници, сметам дека одредени технички дотерувања, со исклучок на членот 9-б, да се наметнува на Парламентот да ги донесе овие измени, а суштински ништо не се менува. Суштински само ќе создадеме уште поголеми правни основи за интервенција на Уставниот суд. Овој Закон со овие определби сигурно ќе оди пред Уставниот суд. Тешко е да се каже дека некоја одредба ќе биде поништена или укината, но сметам членот 9-б е неиздржлив од правен аспект. не го .надградува правниот систем.

Исто така и членот 9-а, нема никаква потреба во делот на допрецизирањето, претставникот на Владата не укажа дали се прошируваат одредени и тој е прецизен и јасен во однос на остварувањето.

Решенијата во членот 10 од постојниот Закон се многу јасни. Со исклучок, би можел да се прифати овој закон со решенијата во членот 2 со кој, барем според мои согледувања, се проширува кругот на вработените во јавните научни установи на кои, по нивно барање може да им престане работниот однос, за разлика од постојното решение на членот 9, според кој на овие вработени им престануваше работниот однос, односно право на предвремена пензија согласно член 2 од Законот за остварување на предвремена пензија, и тоа е во ред бидејќи одредени граѓани ќе потпаднат под удар на Законот, не можејќи да го користат правото за доброволно одење во пензија, бидејќи не беа усогласени двата закони.

Сметам дека, доколку има расположение, кај претставникот на Владата, а бидејќи се носи по скратена постапка, не можат пратениците, јас укажав и на вчерашниот претрес, со еден член можеме многу да измениме. Не е битно дали Законот има 2 или 3 членови. Суштината на тоа ги довадува граѓаните во нерамноправна положба.

Доколку постои расположение да го прецизирам барањето, подготвени сме да дадеме амандман за бришење на член 9.

Во основа, другите делови би ги подржале, барем во мое име и во име на парламентарната група. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г-динот Гештаковски Александар.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Збор има г-динот пратеник Ханџиски Благој.

**ХАНЏИСКИ БЛАГОЈ:**

Г-дине потпретседателе, во името на пратеничката група на СДСМ, согласно Деловникот на Собранието на РМ, барам 20 минутна пауза само заради давање амандман.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Пауза до 12,30 часот.

(По паузата, седницата продолжи со работа во 12,55 часот).

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Продолжуваме со работа.

Пратеникот Наќе Стојановски поднесе амандман на член 3 за менување на воведната реченица за бришење на новиот член 9-б, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Кирил Андоновски поднесе амандман на член 3 во новиот член 9-б по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на уводната реченица и за бришење на новиот член 9-б поднесен од пратеникот Наќе Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот на министерот за правда г-динот Зоран Стојанкиќ.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Амандманот на пратеникот Наќе Стојановски не се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеници, 18 за, 8 воздржани и 35 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 за менување на уводната реченица и за бришење на новиот член 9-6, поднесен од пратеникот Наќе Стојановски.

Отворам претрес по амандманот на член 3 во новиот член 9-6 поднесен од пратеникот Кирил Андоновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот на министерот за правда г-динот Зоран Стојанкиќ.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Збор има г-динот пратеник Китановски Лазар.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ.**

Сакам да укажам, по повод прифаќањето на овој амандман дека во Македонија се прави еден голем правен преседан. Со два различни закони се регулира иста материја. Не е само проблемот на маркетинг или незнам од кои причини се поднесуваат амандманите, меѓутоа правниот систем мора да биде заштитен, а пред се тој систем треба да го штити Владата, бидејќи има цели правни служби, има Министерство за правда, има цела структура.

Ве молам, да не се доведуваме во ситуација што е невообичаена во правниот систем една материја да се регулира на два пати во различни закони.

Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници, 51 гласале за, 8 воздржани и 9 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за остварување на предвремена пензија.

Минуваме на точката 3 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за стечај.

Предлогот на закон и извештаите на работните тела ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот пратеник Трајков Горанчо.

**ТРАЈКОВ ГОРАНЧО:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, колеги пратеници, со оглед на важноста на овој закон би сакал да дадам некои мои коментари и сугестии во врска со истиот.

Како што е дадено и во образложението на закони, се до 6.о5.1998 година во РМ за оваа област се применуваат повеќе стари закони, а после тоа се работи по нов Закон што сега се изменува и дополнува. Што значи, се работело по Законот за присилно порамнување, стечај и ликвидација од 1989 година, Закон за банки и штедилници од 1993 година, Закон за трансформација на претпријатијата итн.

Меѓутоа, со не донесување на таков закон и со големиот период, скоро 8 години од осамостојувањето на Македонија и влегувањето во нов систем, се случуваат одредени ефекти како што се на пример:

Голем број на злоупотреби при спроведувањето на постапките за стечај, одбивност кон самата примена на стечај, влечење на стечајните постапки со години и за жал, во најголем број случаи голем дел од стечаите завршуваат, да кажеме, несреќно.

Бидејќи стечајот е ништо друго туку банкрот на одредена фирма, мора многу посериозно да се обработи, а пред се поради транзиционот период во кој влезе РМ. Еднаш спомнав дека во вакви случаи, во најголемиот дел од развиените земји во случај на банкрот на одредени фирми, неретко се случуваат пред се немили работи, како самоубиства, завршување во душевни болници и слично. Кај нас, досега, таков

случај не е евидентиран. Што значи дека имаме ситуација во која се правени конкретни мерки што водат кон стечај, а се со цел фирмата или да се обезвреди па потоа да биде приватизирана, или да се стекне лична материјална корист. Меѓутоа, што е тоа е и овде не можеме да направиме речиси ништо, освен да се потрудиме во иднина ова да не се случува. А, за сето тоа да го направиме, потребно е да се обезбедат две клучни работи во РМ.

Првата работа е што поскоро да се заврши процесот на трансформација на претпријатијата т.е. да се дефинира сопственоста во истите, тој процес сам по себе ќе елиминира најголем дел од субјективните причини за доведување во стечај.

Втората работа што веќе ја имаме, сега само ја надградуваме, тоа е донесување на квалитетен Закон за стечај, со што ќе се создадат максимални услови за најбрзо да се спречат овие стечаи или најсреќно да се излезе од ваквата многу неизвесна и крајно неповолна состојба.

Инаку, новини во законот се доста добро концепирани и добро замислени. Единствен страв што кај мене лично се јавува тоа е неговата имплементација во пракса и затоа би апелирал до Министерството, што поскоро да бидат изготвени сите тие подзаконски акти со што ќе може законот да живее т.е. да се имплементира и да почне да се одвиваат сосема други процеси во РМ.

Инаку, тешко дека би можеле да очекуваме радикална промена во однос на стечајот, бидејќи сето она што се случуваше во последните десетина години со фирмите во стечај, остави длабоки лузни што тешко се заборавaат. Меѓутоа, ако целата работа се сфати најсериозно, а верувам дека ќе биде сфатена најсериозно од страна на најодговорните односно Министерството дека ќе имаме добра основа за поставување на стечајот во функција на развој, а не на пропаст. И, дека конечно ќе можеме да се надеваме она што понекогаш е навистина неизбежно, бидејќи стечајот во одредени ситуации е неизбежен, да не значи лични драми, а секако и она што претставува друг проблем тоа е проблем на целокупното општество. Туку, истиот ќе дава нови перспективи или таканаречен нов почеток за тие фирми.

Во оваа смисла пак би сакал да сугерирам до ресорното министерство, после изготвувањето на подзаконските акти, да изготви пропаганден материјал во кој, целата постапка, со сите добри и лоши страни им ги приближи на обичните граѓани, со што постепено ќе се отфрли мислењето дека стечајот, за жал, е полош и од црниот ѓавол и ќе се промовира еден нов пристап, се мисли кон стечајот, дека во одредени ситуации стечајот е и единствено и најдобро решение. Што е најважно, решение со кое на фирмата или на фирмите, а и на работниците, овде би скал да нагласам посебно на работниците, им се дава нова шанса да продолжи истата да работи профитабилно. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Трајков Горанчо.

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,55 часот).

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 7 став 1, 2 и 3, член 9, од новиот член 22-а, став 1 и 2, член 10, став 1 и 4, член 12, член 14, став 1 и 2, член 15, член 18, член 20, член 21, член 30, за бришење на став 1, член 32, став 4 и 5, член 34, став 2, член 35 став 2, член 39, член 41, член 43, став 1 и 2, за додавање нов член 44-а,по член 44, член 45 став 1, член 46 став 4 и на член 55, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Горанчо Трајков, поднесе амандман на член 7 став 2, точка 1, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 7, став 1, 2 и 3 поднесени од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 1 и 2, поднесен од пратеникот Горанчо Трајков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 9, во новиот член 22-а, став 1 к 2,

поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЉЪАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 10, став 1 и 4, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЉЪАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 12, поднесен од Законодавно -правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЉЪАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 14 став 1 и 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЉЪАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 15, поднесен од Законодавно -правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЉЪАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 18, поднесен од Законодавно -правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЉЪАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 20, поднесен од Законодавно -правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЉЪАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амаднманот на член 21, поднесен од Законодавно -правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЉЪАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 30 за бришење на став 1, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЉЪАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 32, став 4 и 5, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЉЪАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 34, став 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЉЪАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 35, поднесен од Законодавно -правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЉЪАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 39, поднесен од Законодавно -правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЉЪАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 4, поднесен од Законодавно -правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЉЪАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 43, став 1 и 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 44-а, по член 44, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЉЪАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 45 став 1, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЉЪАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 46, став 4, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЉЪАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 55, поднесен од Законодавно -правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, 66 за, 2 воздржани, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за стечај.

Минуваме на точката 4 - Предлог за донесување на Закон за поттикнување и помагање на техничката култура, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот, со Предлогот на законот, Извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за поттикнување и помагање на техничката култура. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 71 пратеник, 70 за, 1 воздржан против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот, на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 72 пратеника, 69 за, 2 воздржани, 1 против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес, по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 3, став 1, за бришење на став 2 и за менување на став 3, член 4 став 2, член 5 став 2, член 7, за менување на став 1 и став 2, член 10, и на член 11, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3, став 1, за бришење на став 2 и за

менување на став 3, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НЕНАД НОВКОВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Има збор господинот пратеник Кирил Андоновски.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Мислам дека претставникот на Владата треба да го прифати овој амандман, бидејќи на седницата на Комисијата беше повереник, кој што се согласи со овие амандмани, меѓутоа овде се работи за некои измешани работи кои треба да се допрецизираат.

Затоа ние, прво треба да расчистиме, дали фондациите имаат јавни овластувања, бидејќи во Законот за здруженија на граѓани и за фондации, само здружение на граѓани може да има јавно овластување, а не и фондациите.

Мислам дека тоа е издржано, правно.

Сега останува на Собранието да одлучи.

Ние затоа, ставот 3 го менуваме, само да се однесува на здруженија на граѓани. Потоа, ние правно технички го дотеравме ставот 3, како треба да гласи. Зашто, вака како што е даден, не е многу разбирлив. Суштината не ја менуваме, меѓутоа, менуваме правно - технички и менуваме законски, во поглед на тоа дека јавни овластувања, можат да се дадат на здруженија на граѓани, а не и на фондации, и ги бришеме зборовите: "и фондации".

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Го слушнавме претседателот на Законодавно - правната комисија.

**НЕНАД НОВКОВСКИ:**

Во однос на ова каде што се бришат фондациите, сето тоа е издржано, меѓутоа, не е јасно, зошто беше бришење на ставот 2. Бидејќи бришење на фондации од ставот 2, тоа се прифаќа од Владата. Тие амандмани што се дискутирани на Законодавно - правната комисија се прифаќаат.

Во материјалите има дека тоа е поправка на член 2, дека во став 2, само се брише зборот "фондации". Став 2 се брише, треба таа корекција и тогаш е во ред.

Амандманот се прифаќа.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Значи амандманот се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НЕНАД НОВКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 5, став 2, поднесен од

Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НЕНАД НОВКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 7, за менување на став 1 и 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НЕНАД НОВКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 10, поднесен од Законодавно -правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НЕНАД НОВКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 11, поднесен од Законодавно -правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НЕНАД НОВКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот

на законот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 86 пратеници, 68 за, 3 воздржани и 5 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за поттикнување и помагање на техничката култура.

Минуваме на точката 5 - Предлог за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија за заемна соработка по царинските работи, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на Законодавно - правната комисија, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата, меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија за взаемна соработка по царинските работи.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 72 пратеника, 69 за, воздржани нема и 3 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 72 пратеника, 69 за, воздржани нема, против 3.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на закон го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеника, 62 за, 1 воздржан и 2 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија за взаемна соработка, по царинските работи.

Минуваме на точката 6 - Предлог за донесување на Закон за облигационите односи.

Предлогот за донесување на закон, Извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

За збор се јави заменик министерот за правда Зоран Стојанкиќ.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Јас само би дал кратко образложение, бидејќи се работи за системски закон.

Законот за облигациони односи е донесен 1978 година. Неговата примена со Уставниот закон, член 5 е од 1991 година, а практична примена во нашиот правен систем е веќе 20 години, има проверка во судската практика, затоа Министерството за правда го примени концепциски, содржински, претходниот закон, што го спомнав. Во текстот на законот се отстранети одредени категории, кои се остаток од претходниот систем и имаме повеќе новини.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Прво, како основна новина е правно уредување на договорите и тоа договор за дар, договор за послуга и договор за ортаклак. Потоа го уредување во истиот закон, договор за разделба на имот за време на живот и договор за доживотна издршка.

Имаме новини во областа на парични облигациони односи.

Толку за оваа прилика.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на заменик министерот за правда.

Молам, дали некој друг бара збор?

За збор се јави г-динот пратеник Мирчевски Ѕвонко.

**ЅВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници, Комисија за внатрешна политика и одбрана на Собранието на РМ на седницата одржана на 26.VI.2000, го разгледа Предлогот за донесување на Законот за облигационите односи и врз основа на претресот го поднесува следниот извештај.

На седницата на Комисијата во присуство на повереникот на предлагачот г-динот Трајко Вељановски потсекретар во Министерството за правда, кој образложувајќи го предлогот истакна дека постојниот е Сојузниот закон од 1978 година, кој се применува согласно член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на РМ, како републички, што е една од причините за Предлогот за донесување на Законот за облигационите, односи како облигационен закон, во рамките на реформата на целокупното приватно право.

Искуството од 20-годишната примена на постојниот Сојузен закон е позитивно. Реформата започна, негово терминолошко доградување и надградба која е условена од постојниот развој на општествено - економските односи и приликите во прометот на стоки и услуги кои во крајна линија се условени и од развојот на неговата технологија.

Се констатира дека има потреба од донесување на Закон за облигациони односи, со цел да се отстранат рецидивите и анахронизмите кои што се остаток од претходниот систем, да се прилагодат со Законот за облигациони односи со новите општествено - економски односи и поцелосно да се уредат определени односи, како и да се преземат и инкорпорираат одредени одредби од други закони во текстот на овој Предлог-закон.

Во расправата се искажа мислење дека терминологијата што се користи во текстот, пред се е од аспект на употреба на одредени поими и термини кои не соодветствуваат со современиот литературен македонски јазик и се укажа дека при корегирањето на текстот треба да се внимава, за да може истиот да биде применлив во рамките на меѓународното право.

Комисијата ги поддржува основните начела врз кои се засновува законот.

Врз основа на расправата Комисијата едногласно му предлага на Собранието да го претресе и усвои Предлогот за донесување на Законот за облигациони односи.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Ѕвонко Мирчевски.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието на РМ го усвојува Предлогот за донесување на Закон за облигационите односи.

Второ, Владата на РМ ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на РМ.

Трето, овој заклучок заедно со извештаите на работните тела како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на РМ, да се достават до Владата на РМ и до Министерството за правда.

Предложениот заклучок го ставам на гласање. Молам, да гласаме.

Вкупно гласале 73, од кои 71-за, 2-воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точката 7 - Предлог за донесување на Закон за сопственост и други стварни права.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот пратеник Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, почитувани пратеници. Претходниот закон кој го усвоивме во првата фаза Законот за облигациони односи, и сега Законот за сопственост и други стварни права, како и Законот за градежно земјиште, се многу важни, битни и системски закони за понатамошното изградување на РМ.

Во секој случај овие закони треба да ги поддржиме, бидејќи се во прва фаза, се одредува и потребата од нивно донесување и сметам дека забелешките кои се дадени во работните тела сигурно треба да ги има Владата и да ги поддржиме.

Битно и основно е што за прв пат се регулира во РМ со сопствени републички закони, бидејќи и со овој Закон за сопственост и други стварни права, сопственоста или плурализмот во сопствениот дел е воведен со уставните амандмани на Уставот од 1990 година, бидејќи во основа се во примена закони од поранешната СФРЈ, согласно Уставниот

закон кои се применуваат во републиките се до изградување.

Пред овој Парламент, јас би сакал за овој закон да отворам одредено прашање за кое е во дилема и самата Влада, а и Парламентот со тоа што треба да дадеме во кој правец треба да го решаваме тоа прашање.

Со предложениот закон, особено со членот 2 во РМ, правото на сопственост можат да го остваруваат сите домашни и странски, физички и правни лица, вклучувајќи ја и државата и единиците на локалната самоуправа под услови предвидени со друг закон.

Тоа е добро решение, тоа решение доведува до изградба на правниот и на економскиот систем. Но, прашањето кое е дадено во алтернативата на овој закон, за кое јас мислам дека треба да се произнесеме и да дадеме свој придонес, тоа е прашањето во член 242 и член 243 - правото на сопственост на физички и правни лица на странски физички и правни лица, на градежно земјиште и земјоделско земјиште.

Законодавецот го дал во алтернатива, но решенијата во европските земји се различни и имаат свои предности.

Предноста на странските правни лица под одредени услови кои се регулирани во Законот, тоа е на принципот на реципроцитет и по одредено одобрение од надлежниот министер, дали за урбанизам, правда, или земјоделие дават еден поекспанзивен развој на РМ, бидејќи не е се исто, дали странското правно и физичко лице ќе поседува сопственост, градежно земјиште или земјоделско земјиште, или ќе има во долгорочен закуп.

Другата алтернатива која го решава и Законот за градежно земјиште тоа е алтернативата на долгорочен закуп кое е регулирано со определбите.

Во оваа фаза и другото решение, долгорочниот закуп има одредена предност. При ова решение, би сакал да укажам на Владата дека треба да води сметка за националните интереси на РМ, бидејќи РМ е мала земја која не располага со голем квантум на градежно и земјоделско земјиште, бидејќи може да дојде до одредени нарушувања во сопственичките односи. Затоа врз основа на укажувањата во работните тела и мислењето на Владата во работните тела, кое не е дефинирано, одредени министерства гледајќи од својот аспект сметаат дека во РМ може да постои сопственост на градежно и земјоделско земјиште, а други сметаат дека треба да се користи институтот долгорочен закуп.

Затоа сметам да укажам на тоа и во одреден и согледувања, компаративни предности, меѓутоа, одредени анализи што би значела едната варијанта и другата, врз основа на такви согледувања кои ќе бидат составен дел на Предлогот на законот, кои Владата е должна да ги даде како би можеле пратениците во Наредната фаза за ова многу важно, битно прашање, кое ќе ги тангира и ќе се однесува на целокупниот дел и на идните генерации во РМ на граѓани, пратениците да би можеле да одлучиме и да го направиме правиот избор, кој многу ќе влијае за целокупниот развој на РМ.

Тоа е во тој дел што би сакал да укажам и да дадам одредени сугестии, инаку другите решенија се класичен дел и во делот на сопственоста нуди добри решенија, сигурно што треба да се надоградуваат и граѓаните на РМ да можат да ги остваруваат согласно овој закон своите потреби, барања и правни спорови кои ги имаат. Благодарам.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Гештаковски Александар.

Има збор господинот пратеник Трповски Борислав.

**БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, претставник на Владата, почитувани колеги пратеници.

Во врска со Предлогот за донесување на Законот за сопственост и други стварни права, е законски проект кој во начело треба да се поддржи, меѓутоа, заради подобрување на самиот текст на законот, во оваа прилика сакам да истакнам одредени сугестии, примедби и забелешки, кои мислам дека предлагачот ќе има смисла да ги респектира и тоа е се во интерес за подобрување на самит законски текст.

А, имено се работи за следното. На прво место имам примедба на насловот на Предлогот за донесување на закон.

Сметам дека законот треба да носи наслов "Закон за стварно - правни односи". Ова од причина што сопственоста односно, правото на сопственост спаѓа во доменот на стварни права, покрај другите стварни права. Правото на сопственост за разлика на облигационите права е стварно право, бидејќи дејствува "ерга омнест", односно према секого, за разлика од облигационото право кое по својот карактер дејствува "интер партес", односно дејствува само према договорните странки.

Второ, према мое мислење законот за стварно - правни односи треба да содржи општи правила, за да се обезбеди основното единство на сопствено -правниот систем, а со цел да се обезбеди функционирање на стварно - правните односи и правната сигурност во државата. Сметам дека овој закон по својот карактер треба да биде општ, а врз основа на него,во иднина да бидат донесувани други посебни закони со кои ќе се уредуваат специјалните аспекти на одделни сопственички форми, како што се државната сопственост, интелектуалната сопственост, локалната сопственост и др.

Трето, во предложениот закон има делумни одредби кои не се стварни права, па затоа сметам дека предложениот закон треба да биде принципиелен, прецизен, конкретен и да се однесува само на нормите кои ги регулираат стварно правните односи.

Така во главата што се однесува на заштитата на правата на сопственост, внесени во членовите од 153 до 160, неколку тужби, како на пример за враќање на предметот на сопственост за заштитата на сопственост, за заштита од вознемирување на предметот на сопственост, овие тужби се со процесни дејства и се предвидени во Законот за процесна постапка. Сметам дека не е потребно да дојде до дуплирање на овие норми кои се однесуваат на овие тужби, односно да ги има и во процесниот закон и во овој материјален закон, заради една рационалност и практичност на самиот закон.

Четврто, во глава II од предложениот закон внесени се одредби кои спаѓаат во доменот на стварно - правни односи, како што се соседското право, меѓи, огради, дрвја и др. Па затоа сметам дека оваа глава треба да отпадне. Веројатно дека овие одредби се превземени од некои странски права кои послужиле како пример за донесување на овој проект. Ова нешто не одговара на принципите на стварното право и на нашата реалност.

Петто, поедини норми од облигационото право, како што е правото на првенствено купување, не би требало да бидат предмет на овој закон. Ова облигационо право ќе се регулира со законот за облигациони односи. Предложените одредби кои се однесуваат на правото на делба, судска делба и др., можат да бидат предмет на вон парничната постапка, а не во законот за рамноправни односи.

Шесто, отсекот I од глава III, кој се однесува на заедничка сопственост на брачна и вонбрачна заедница, према мое мислење треба да отпадне од овој проект, затоа што оваа материја е регулирана со Законот за семејство.

Седмо, сметам дека правото на приватната сопственост во овој закон, треба да биде доминантно за разлика од останатите видови на сопственост. Затоа што ова право како основно е содржано и во самиот Устав. Би потсетил на член 30 од Уставот. Предложениот закон, меѓутоа, подеднакво ги третира правото на приватна сопственост, државна сопственост и локална сопственост. Сопственост на локалната самоуправа, што сметам дека не е во ред и од тој аспект треба да претрпи одредени измени.

Правото на приватната сопственост во пазарната економија кон која тежнееме се разбира, за разлика од останатите видови на сопственост треба да има главна улога во развојот на нашиот правен систем.

Осмо, за одбележување е дека во предложениот закон не е предвидена одредба злоупотреба на правото на сопственост. Нејзините видови и правото на заштита од злоупотреба на правата.

Еве овие примедби и забелешки мислам дека ќе наидат на интерес кај предлагачот и мислам дека треба со внимание да бидат разгледани, заради ефикасност и рационалност на предложениот текст на законот. Благодарам.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Трпевски Борислав.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието на РМ го усвојува Предлогот за донесување на Закон за сопственост и други стварни права.

2. Владата на РМ ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на РМ.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на РМ, да се достави до Владата на РМ и Министерството за правда.

Предложениот заклучок го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 73 пратеници, 73 за, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Преминуваме на осма точка.

Предлог за донесување на Закон за градежно земјиште.

Предлогот за донесување на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

За збор се јави министерот за градежништво, водостопанство, г-динот Душко Кадиевски.

**ДУШКО КАДИЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, бидејќи се работи за еден круцијален закон од областа на градежното земјиште, сакам набрзина во рок од 5 минути да ја искажам содржината на законот.

Заради спроведување на реформите во земјишната политика нужно е донесување на еден ваков нов Закон за градежно земјиште. Основата на правниот режим на градежното земјиште досега е постојниот закон за градежно земјиште, донесе 1979 година, со некои измени, дополни, 1989, 1991 и 1999 година, според кои градежното земјиште беше во сопственост на РМ, а физичките и правните лица на земјиштето имаа право само на користење.

Пазарната економија бара воспоставување слободен промет и со градежното земјиште, тоа произлегува и од членот 30 од Уставот на Република Македонија.

Затоа како прво, потребно е правото на користење на градежното земјиште да се трансформира во право на сопственост.

А трансформацијата да биде платена како што беше пропишано и за трансформација на претпријатијата во државна сопственост за становите и слично. Со Предлогот за донесување на Законот за градежно земјиште се предлага гарантирање на право на сопственост на градежното земјиште и правна заштита на сопственоста, воспоставување на правно единство помеѓу градежното земјиште и објектите изградени врз него, трансформација на право на користење на градежното земјиште во право на сопственост, или право на долготраен закуп по избор на носителот на правото на сопственост. Имено, со Предлогот за донесување на законот се предлага на градежното земјиште да може да се стекнува право на сопственост, право на долготраен закуп како и други права одредени со закон, со овој закон и со други закони. Право на сопственост можат да стекнуваат физички и правни лица, Републиката и општините. Право на сопственост ќе можат да стекнуваат странски лица под услови утврдени со Законот за сопственост, пред малку пратеникот Гештаковски за тоа говореше и мислам и ние како Влада исто така, немаме заземено цврсто став околу тоа дали воопшто да се дава земјиште во сопственост на странски лица, или тоа да биде на користење како и некои од земјите во Европа што го користат терминот 99 години. Сега зборувам за право на сопственост и користење за наши правни и физички лица. Исто така, на градежното земјиште може да се стекнува и право на долготраен закуп од 99 години, зборувам за нашите правни и физички лица. Со него треба да се обезбеди градежна активност, согласно урбанистички планови кога лицето нема средства, или кога не сака сопственички однос врз земјиштето. Ова право е врзано со волјата на сопственикот на градежното земјиште и тоа не може да се наложи со закон. Значи градежното земјиште може да се даде под закуп само заради изградба на објекти. Се предлага градежното земјиште во сопственост на Републиката да може да се даде на користење под концесија за изградба на објекти кои служат за вршење на дејности од јавен интерес. Концесијата може да се даде на домашно и на странско правно и физичко лице за изградба на објекти кои служат за вршење на дејности од јавен интерес утврден со посебен закон. Под концесија може да се даде градежно земјиште што е сопственост на Републиката, а концесијата ја дава Владата на Република Македонија по претходно спроведен јавен конкурс.

Друга новина што се предлага со Предлогот на Законот за врз градежно земјиште, градежното земјиште може да се заснова хипотека.

Кај хипотеката се предвидени две важни новини. Првата е дека правото на хипотека може да се основа и врз правото изедначено со недвижност што е случај токму со правото долготраен закуп.

Втората новина е можноста хипотека да се заснова и врз идеален дел на градежното земјиште. Оваа новина ја познаваа споредбеното право па и е корисна

доколку повеќе што ја бара и практиката, значи да се даде земјиште под хипотека, одреден дел на земјиште под хипотека.

Третата глава од Предлогот за донесување на законот, го регулира прашањето на уредување на градежно земјиште и плаќањето надомест за уредување што е надлежност и приход на општините и градот Скопје. Значајно е што во Предлогот се одлучивме да не се воведува обврска како досега за плаќање надоместок за одржување, односно употреба на градежно земјиште од следните причини. Како прво, заради воспоставувањето на сопственички права врз земјиштето. Другата причина е што опремувањето со комунална инфраструктура на земјиштето граѓаните плаќаат надоместок преку уредувањето. За одржување на комуналната инфраструктура исто така граѓаните плаќаат определен надоместок на постојните субјекти, јавни претпријатија или други лица чија основна функција е да ги одржуваат објекти од комуналната инфраструктура.

Една од значајните глави на Предлогот за донесување на за градежно земјиште е трансформација на правото на користење на градежно земјиште. Имено, се предлага носителите за правото на користење на градежно земјиште со денот на влегување во сила на овој закон да се стекнат со право на сопственост под услови и начин утврдени со овој закон. Со законот се прави разграничување на три вида на носители на право на користење: поранешни сопственици, корисници на градежно земјиште на кои им е доделено изградено, или неизградено градежно земјиште без надоместок, односно за кое не платиле воопшто никаков надоместок, цена за земјиштето и корисници кои за доделено земјиште платиле одреден надоместок под услови и начин определени при доделувањето. Така се предлага на корисниците кои се поранешни сопственици со донесување на законот да им се трансформира корисничкото право во право на сопственост, значи без плаќање, на корисниците на кои земјиштето им е доделено без надоместок доколку сакаат земјиштето да биде во нивна сопственост ќе треба да платат одредена цена, доколку не сакаат, или не можат да платат овие корисници на земјиштето ќе имаат право на долготраен закуп на земјиштето во државна сопственост и за тоа ќе плаќаат закупнина. Оние пак корисници кои при доделување на градежно земјиште платиле цена за истото откако ќе приложат доказ за тоа нивното право на користење ќе се трансформира во право на сопственост. Трансформацијата независно во кој облик се врши ќе се врши секогаш со договор кој се јавува како правна основа за настанување на правото на сопственост, односно правото на долготраен закуп. Исто така, во овој дел од Предлогот се предлага да се изврши делбен биланс преку кој ќе се утврди кое градежно земјиште е во сопственост на Републиката и кое земјиште во сопственост на Републиката ќе премине во сопственост на општините, односно градот Скопје.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на министерот за градежништво и урбанизам Душко Кадиевски за овие објаснувања околу предложениот закон.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, врз основа на решенијата кои ги нуди законот, објаснувањето на министерот, би сакал да укажам дека овој закон покрај правното регулирање нуди решенија кои граѓаните на Република Македонија ќе можат да решат одредени проблеми кои не можеа да ги решат во целокупниот период. Решенијата кои ги нуди овој закон треба да се поддржат и има потреба, бидејќи во Република Македонија досегашниот начин на располагање и управување со градежното земјиште кое беше општествена сопственост ги ограничуваше правата на корисниците, бидејќи сите граѓани на Република Македонија градежното земјиште го имаа како корисници, или трајни корисници со одредено право на управување. Што нуди овој закон? Овој закон најважно и најбитно е што градежното земјиште го прави во сопственост. Сите граѓани на Република Македонија можат да бидат сопственици на градежното земјиште. Правото на сопственост нуди одредени други решенија што се многу битни, тоа е правото на промет. Градежното земјиште во Република Македонија може по донесувањето на овој закон да биде во слободен промет и сите оние проблеми кои ги имаа граѓаните на Република Македонија со користење на предимствено право, со користење на градба на друго лице, заедничка градба веќе нема да претставуваат проблем за граѓаните на Република Македонија. Тоа е најважниот и најбитниот дел, А другиот многу важен и битен дел е тоа што

слободниот промет на градежното земјиште, излегување на пазарот на слободен пазар сите оние инвестициони градби, сите оние што сакаат да градат ќе можат слободно да го купуваат и продаваат, а не да висат пред министерствата, пред Владата на Република Македонија, пред единиците на локалната самоуправа и врз основа на одредени решенија и одлуки по предимствено право изигрување да добиваат градежни атрактивни парцели, а потоа да прават огромни разлики во однос на граѓаните на Република Македонија и во однос на цената на квадратен метар во Република Македонија. Сега и голем број на нерешени имотно - правни диоградби, овој закон нуди решенија и за решавање на проблемот на дивоградби. Затоа, во тој дел е многу битно и важно овој закон што побрзо да се донесе и да се реализираат уставните решенија. Тоа е оној дел што е револуционерен и што мислам дека ќе донесе до пресврт во економскиот развој на Република Македонија.

Другиот дел е делот кој го регулира овој закон, а тоа е уредувањето ан градежното земјиште. И мислам доста добро и на еден правно регулиран начин на единиците на локалната самоуправа им се дава правото на уредување. Во овој закон има една забелешка во тој дел тоа е делот на плаќање, или неплаќање на надомест врз основа на програмата која ја носат единиците на локалната самоуправа. Ова е доста важен и битен проблем тоа е комуналната инфраструктура. Голем број на граѓани на Република Македонија платиле комуналии кои не се мали во Република Македонија, се изразуваат со десетици илјади марки, а не го добиваат основното ниту вода, ниту струја, ниту телефон. Во тој дел сигурно овој закон треба да донесе решенија со кои тоа ќе им се овозможи на овие граѓани врз основа на програмата и плаќање на комуналии да ги решат своите инфраструктурни проблеми. Тука е проблемот на уредување на градежно земјиште што го нема третманот на градежно, или вон градежен реон, или кое не е опфатено во програмата. Тука предлагачот предлага да не се плаќа надомест, тоа да падне на товар на инвеститорот, што сметам дека во одреден дел основната инфраструктура е изградена и треба да се најде решение на делумно плаќање. Многу важно и битно е она што зборуваше и посебно би сакал да укажам, тоа е дека граѓаните на Република Македонија со донесувањето на овој закон и влегување во сила ќе станат сопственици по сила на закон. Имаме различни решенија. Граѓаните на Република Македонија ќе бидат упишани во јавните книги како сопственици со сите права без да платат надоместок што беше голема дилема и во правната теорија во Република Македонија дали треба да се плаќа или не. Сите оние кои користеле градежно земјиште, нивно земјиште по предимствено право, сега се водеа како корисници, не беа во сопственост, сите оние врз основа на одлуки, на конкурси на единиците на локалната самоуправа што добиле, со решенија на поранешните извршни совети по сила на овој закон ќе станат сопственици. И тоа е добро решение. Оние граѓани во една категорија кои немаат никаков доказ и не платиле, немаат доказ дека платиле надоместок за користење на градежно земјиште ќе треба да го платат тој надоместок. Сметам дека тој би требало со одлука на Владата да биде мал и овие граѓани од разни причини што немаат одредени документи, а тоа е барем според објаснувањето на Министерството за урбанизам одреден дел на Скопје, скопски населби каде што се бараките, инаку во другиот дел на Република Македонија постојат документи, сметам дека тој надоместок не треба да биде голем и граѓаните треба да се уништат и во Република Македонија секој да биде газда, што се вели да има сопственост. Но, тука има уште еден проблем кој не беше истакнат ниту на едно работно тело, а тоа е проблемот сега со слободниот промет на градежно земјиште кој се појавува во повеќе земји. Овој закон зборува за градежна парцела. Инвеститорот кој сака да гради многу ретко може да се случи согласно урбанистичкиот, или просторниот план, или планот кој го заменува на една градежна парцела да биде урбанистичката значка. Таа навлегува во повеќе градежни парцели. Проблемот е сега на реализација на урбанистичкиот план што е многу важно и битно. Некој може да има пет илјади метри квадратни да гради одреден објект, но да навлегува во друга парцела со 100, или 200 квадрати. Тука произлегува проблемот на едни баснословни цени, бидејќи е слободен промет, не може никој да го ограничува како досега што беше и ја утврдуваат цената на одземеното градежно земјиште судовите. Таа во Република Македонија, мора да се каже се движеше по цена на 1 м2 колку цената на еден кибрит. Во последно време имаме некаде одредени цени кои имаат реална или пазарна вредност или се зборуваше за приближно пазарна вредност, се користеа различни методи, методи на споредба, колку

е направен промет при управите за приходи. Не смее инвестиционииот развој, градежните работи во Република Македонија да го кочат делот на неформирање на градежната парцела. Другиот сопственик може да го уценува оној сопственик да не може да го продава. Во тој дел постојат механизми и би советувал заедно Министерството за урбанизам со Министерството за финансии да го доградат фискалниот дел. Ако некој 100 квадрати во Скопје во центарот ги цени милион марки, тоа е негова пазарна вредност, или некој можеби ќе ја плати. Но, доколку тоа го прави уценувачки тој дел на слободното утврдување на цената треба веднаш да се евидентира во Управата за приходи во фискалниот дел и на тој износ треба да се плаќаат давачките. Тој е многу битен дел што треба да се реализира, бидејќи не може да се оценува уценувачки во делот на кочење на инвестициониот развој. Ова го зборувам за делот на слободниот промет, каде што се јавуваат приватни инвеститори, или компании. Додека овој закон го регулира и многу е добро и јавниот интерес, тоа е со Законот за експропријација каде судот и понатаму ќе ја утврдува пазарната вредност, бидејќи со овој закон и со слободниот промет се ограничува во делот на изградба на школи, во изградба на болници. Јавниот интерес врз градежното земјиште и понатаму постои. За граѓаните на Република Македонија ова решение е многу добро и ќе можат да ги решат одредени проблеми кои досега не можеа и во судовите предметите траеја дури по 10 и 20 години.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Г-дине потпретседателе, почитуван министер, колеги пратеници, да не ги повторувам зборовите на колегата Гештаковски зошто е важноста за донесување на ваков закон и основните начела кои се напишани во овој Предлог на закон за мене најголем впечаток остава тоа што се воспоставува правно единство меѓу градежно земјиште и објектите изградени врз него. Бидејќи имавме една парадоксална ситуација објектот кој сте го изградиле, или да речеме индивидуална куќа итн. е ваше, а земјиштето не е ваше. Со сите оние предности кои беа споменати ваквиот предлог на закон заслужува поддршка. Меѓутоа, јас би сакал едно појаснување од министерот. Во членот 12, во првата алинеја се споменува градежното земјиште во сопственост на Републиката може да се отуѓи со јавно наддавање и со непосредна спогодба за изградба на објекти од јавен интерес утврдени со закон. Јас би прашал дали ова мора да стои "непосредна спогодба". Второ, на каков закон се мисли, бидејќи во членот 3 така стои дека градежното земјиште и неизградено земјиште определено со просторни и урбанистички планови и актите што ги заменуваат тие планови. Значи дали е тоа некаков посебен закон и дали треба да стои "непосредна спогодба", бидејќи повторно ќе се вратиме на оној проблем да асоцираат некакви неправилности во работењето, во прометот со градежното земјиште.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Никола Јованов.

Има збор министерот за градежништво и урбанизам г-динот Душко Кадиевски.

**ДУШКО КАДИЕВСКИ:**

Значи и досега беше и понатаму ќе продолжи земјиштето во сопственост на Република Македонија да се дава со јавно наддавање, фактички продава, бидејќи се работи за земјиште во сопственост на Републиката. На кој закон упатуваме? Упатуваме на законите на просторно и урбанистичко планирање. А што се однесува до непосредна спогодба, тоа ќе оцениме дали понатаму ќе егзистира во услови на пазарно стопанисување со земјиштето.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор г-динот пратеник Аце Сајковски.

**АЦЕ САЈКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, само накратко.

Од дискусијата на Гештаковски ја слушнавме размислата на неговата пратеничка група, а тоа значи признавање за овој закон што е од посебна важност за Република Македонија, бидејќи се решаваат многу прашања за кои зборуваа претходните дискутанти. Меѓутоа овде големината е во тоа што на граѓаните на Македонија им се овозможува размислата за сопственоста преку која ќе ја ефектираат во стопански објекти. Тоа граѓаните на Македонија одамна го очекуваа, го очекуваа 50 години да се ослободат од тие пранги, а сега едноставно ќе можат да размислуваат за изградба на нови стопански објекти. Практично сега завршува еден процес на донесување на закони што Владата на Република Македонија ги вика реформски, а ние ги потврдуваме и донесување со што практично почнува преобразбата на Македонија. Бидејќи не се донесе за

последните десетина години, оваа година реформските закони што се носат се отвори патот за граѓаните на Македонија слободно и ефикасно да размислуваат иницијативно и самостојно да ги решаваат проблемите во сите сфери на работењето.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Аце Сајковски.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави г-динот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Најмалку би сакал да полемизирам. Јас во претходниот Закон за сопственост укажав, сопственосниот плурализам во Република Македонија е донесен со уставните амандмани на Уставот од 1990 година. Во примена се стари закони. Овој закон се градеше и немаше никаква пречка после 1990 година секој да гради во делот на стопански објекти, но беа пречки во делот на третманот по овој дел на градежното земјиште. Инаку тоа би сакал да укажам дека со влегување на сила на уставните амандмани, влегување на политичкиот плурализам во Република Македонија влезе и стопанскиот. Градбата од приватни лица е од 1990 година. Само тоа би сакал да му укажам на претходниот дискутант, без да полемизирам.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за градежно земјиште.

Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон при што ќе ги имаат во предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за урбанизам и градежништво.

Предложениот заклучок го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 88 пратеници, 87 за, воздржани нема и 1 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам Педесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 14,10 часот).